Interreg - IPA CBC
Greece - Republic of North Macedonia
G.EM.S

*The project is co funded by the EuropeanUnion and national funds of the participating countries*

BAS PROFESSIONAL STUDIES IN MANAGEMENT

# **БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕ** | Назив на идеја: __Зелен салон за убавина___ Име и презиме: Викторија Јовановска

## Основни податоци за бизнисот:

Вид на бизнисот (малопродажба/угостителска/производство...):
Форма на бизнисот (онлајн/реален/социјално претприемаштво):
Дејност на бизнисот (производствена/услужна):

1. Бизнисот ќе биде во вид на угостителство, лична нега, производство во некои случаеви (органски производи).
2. Формата на бизнисот ќе биде реална, социјално претприемаштво.
3. Дејноста на бизнисот ќе биде услужна во глобала, но и прозиводствена во делот на произведување на органски производи од страна на салонот кога има потреба.

## Понуда на вредност/и:

A // Каков **проблем**/**потреба** се обидуваме да им решиме или надминеме на клиентите?
B // Која или каква **вредност** му нудиме на нашиот клиент?
C // Што е тоа што го **издвојува вашиот бизнис од останатите**? (USP)

A // Им помагаме да ја развијат својата свесност за чување на околината со тоа што ги одржуваме и нив самите здрави, нудиме органски решенија и третмани, без користење на токсични и хемиски продукти, а со тоа ја штитиме околината од истите. Главниот проблем кој што се обидуваме да им го решиме е нивното здравје, односно се грижиме да останат млади.
B // Нудиме решенија кои нема да го загадуваат нивниот организам со непотребни материи, ќе ги држиме витални и здрави, почнувајќи од масажи, па се до шминка. Производите нема да се штетни по здравјето и нема да имаат животинско потекло.
C // Нашиот бизнис е поразличен од сите останати во Пелагонија. Специјализираме во зелени практики, вклучително и користење на производи без токсични хемикалии или направени преку органско земјоделство или обезбедување на педикир без вода. Користиме природни производи и билки за ваше третирање и се грижиме да останете здрави и млади, а со тоа ја штитиме и околината од исфрлање на токсични производи.

## Сегмент на клиенти/корисници:

A // За **кого** креираме вредност?
B // Кој е нашиот најважен **клиент/корисник**?

Возраст
Пол
Приход
Професија
Образование
Локација
Хоби

A // Креираме вредност за сите членови на општеството кои што сакаат да се негуваат себе си, а да користат производи кои се здрави за нив сами и за околината.
B // Би рекла дека таргет групата ни е доста широка бидејќи било кој може да ги користи нашите услуги, меѓутоа приоритет би ставила на припадничките од женскиот пол.

1. Корисниците кои би сакале да ги користат нашите услуги може да се на било која возраст, меѓутоа би рекла од 14 па се до длабока старост.
2. Корисниците можат да бидат од двата полови, но акцентот е ставен на женскиот пол.
3. Корисниците треба да бидат со барем некакви минимални приходи за да можат да си ја дозволат услугата.
4. Корисниците можат да бидат од било која професија.
5. Корисниците може да бидат со било кој степен на образование, меѓутоа вниманието повеќе би се

привлекло на оние кои се доволно школувани за да сфатат каков придонес би имале во екологијата со користењето на овие услуги, најчесто од урбани средини.

6. Урбано, во градовите во Пелагонискиот регион.
7. Корисниците може да имаат било какво хоби, но услугите би ги користеле свесните и совесни за сопственото и здравјето на Земјата.